Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Бр. 05-1523/2
Скопје, 19-07-2024 година

Врз основа на член 112 став 2 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ"24/2019) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), Министерот за правда Игор Филков донесе:

# О Д Л У К А

## за поништување на постапка објавена со оглас број 08679/2024

1. Министерство за правда согласно планот за јавни набавки за 2024 година објави оглас за набавка на стоки - Набавка на информатичка опрема.

2. По објавување на огласот и споведување на отворена постапката согласно чле 50 од Законот за јавните набавки (Службен весник на РСМ број 24/2019), а во согласност со член 114 став 1 алинеја 2 од ЗЈН кој гласи „- оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци", Министерот за правда донесе одлука постапката објавена со оглас број 08679/20241 ДА СЕ ПОНИШТИ.

3. Се задолжува Секторот за општи работи да ја спроведе оваа Одлука.

4. Одлуката влегува во сила од денот на донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-345/1 од 24.01.2024 година, Комисијата за јавни набавки при Министерство за правда спроведе отвотена постапка за набавка на стоки - Набавка на информатичка опрема .


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Комисијата за јавни набавки во Министерство за правда врз основа на спроведената отворена постапка за набавка на стоки, согласно член 50 од Законот за јавни набавки, по отварањето на понудите од страна на тројца економски оператори, каде за дел еден беше поднесена една понуда, за дел два беа поднесени три понуди, за дел 3 беше поднесена една понуда и за дел 4 беше поднесена една понуда и по изготвениот извештај оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци, по што му предложи на одговороното лице да ја поништи постапката.

Одговорното лице донесе Одлука постапката објавена со оглас број 08679/2024 година да се поништи.

Одлучено во Министерство за правда по спроведена отворена постапка за набавка на услуги објавена со оглас број 08679/2024.

Правна поука: Согласно член 138 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе ЖАЛБА до Државната Комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се поднесува во електронска форма истовремено до Договорниот орган и до Државната Комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на примот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на рамковна спогодба за јавна набавка.

Доставено до:
-Одделение за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања
- Понудувачот

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
Игор Филков

Igor Filkov

Digitally signed by Igor Filkov
Date: 2024.07.19 14:15:32 +02'00'

Подготвил/а: Насер Ќамили, самостоен референт
Проверил/а: Марина Миновска, Раководиле на одделение


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification